*ЕЛИЦА МАНЕВА*

# ТОКАЈСКИ НАУШНИЦИ ОД МАКЕДОНИЈА

Во Музејот на применета уметност во Белград се ноаѓаат пет примероци, односно два чифта и еден поединечен примерок од мошне луксузните, масивни, сребрени наушници од типот што е познат под името токајски наушници.

Спомenатите наушници потекнуваат од подрачјето на СР Македонија и тоа двата чифта (Сл. 1 а, б; Сл. 2 а, б) од околината на Скопје, а поединечниот примерок е од Варош кај Прилеп. (Сл. 3) Сите тие се случајни наоди што со откуп се нашле во Музејот на применета уметност — Белград.

Со нашите истражувања на теренот, во музејските и студиските збирки на подрачјето на СРМ, барем во оној материјал што ни беше достапен за обработка, не беше забележан ниеден нов примерок од овој тип накит, што зборува за неговата реткост и ексклузивност.

Со проблемот на токајските наушници се занимавале повеќе истражувачи, особено во повоениот период, меѓу кои поопсежно М. Коровиќ — Љубинковиќ,[1] како и Ј. Ковачевиќ, Б. Радојковиќ и др., при што и примероците од Македонија попатно се споменуваат во стручната литература.[2]

Со оглед на реткоста, значењето и новите сознанија за овој тип накит, како и за средновековниот накит во Македонија и пошироко, се чини потребно за токајските наушници од ова тло да се каже нешто повеќе.

Токајските наушници (чие име потекнува од истоимената остава)[3] во основа припаѓаат на категоријата со јаготки-нанижани на алката.

Занемарувајќи ги финесите што се јавуваат во текот на времето, како и од потесната просторна припадност (од што произлегуваат бројните варијанти) заеднички типолошки одлики на токајските наушници се во луксузниот аранжман, изработката од сребро, техниките на филигран и гранулација, во

[1] М. Ћоровић — Љубинковић, Наушнице тз. токајског типа, Рад Војвођанских музеја, Нови Сад 1954, 81—91.

[2] Ј. Ковачевић, Средњовековна ношња..., Београд 1953, 151—153; М. Ћоровић — Љубинковић, Наушнице. op. cit., 83, 88, сл. 13, 3; Б. Радојковић, Уметничка обрада метала, Београд 1953, 38; Б. Радојковић, Накит код Срба, Београд 1969, 348, сл. 15, 20, 21, Б. Бабић, Културно богатство на Прилеп од V—XIX век, Прилеп 1976, 16, 31.

[3] J. Hampel, Alterthümer des Frühen Mettelalters in Ungarien II, Braunschweig 1905, 490—492.

нивната нагласена масовност (дијаметар 45 — 65 мм) и соодветно на тоа поголем пресек на алчето (3—4 мм.). Луксузноста и масивноста, пак, зборуваат дека тие биле носени од повисоките општествени слоеви, и тоа веројатно како наушници кои виселе на клиски во пределот на образите и ушите.

Кај сите нив во средишниот долен дел е нанижана голема јаготка обично фланкирана со навои од филигранска жица, а потоа се поставени страничните мали јаготки. Варијантите што се забележуваат во текот на времето или се одраз на просторната определба се манифестираат преку начинот на украсување на централната јаготка и изгледот на страничните, како и во изработката на алката која може да биде од обична, мазна жица или од повеќе свиени, некогаш и со додадени филигрански жици.

Примероците од Македонија припаѓаат на три различни варијанти кои можат да се третираат во *две групи* од кои едната временски е постара и се врзува за токајската остава[4] (Сл. 1 а, б) додека другата е помлада и се доведува во врска со Втората зајачарска[5] и со Драгижевската остава.[6]

(Сл. 2, б; Сл. 3)

Според М. Ќоровиќ — Љубинковиќ токајските наушници се датираат во времето од крајот на X до XV век, а со одделни измени опстојуваат и во фолклорниот накит сè до XVIII век.[7]

Мислиме дека нивната долна временска граница е ниска, иако е јасно дека ваквото датирање произлегува од контекстот на Токајската остава, во која се најдени седум наушници од најстарите варијанти на овој тип заедно со накит и монети што припаѓат на втората половина на X, односно крајот на X и XI век.

Преуранетоста во датирањето на најстарите варијанти на токајските наушници може да се проследи и преку анализата на чифтот наушници од околината на Скопје (Сл. 1 а, б) кои се типични претставници на постарата група со директни аналогии во материјалите од Токајската остава.[8]

Наведениот чифт наушници од Скопје имаат алка од едноставна мазна жица (пречник: а — 59 мм.; б — 51 x 64 мм.). Централната јаготка (40 x 30 мм.) е во основа биконусна со навои од филигранска жица од страните (што ја доближува до половецкиот тип) чија средина и краеви се украсени со низи од крупни гранули. Страничните украси — „јаготки" се исто така од по две двојни низи на ситни гранули. Во однос на другите варијанти овие наушници не се ниту многу масивни, ниту пренакитени, иако и материјалот и из-

[4] М. Ћоровић — Љубинковић, Наушнице. op. cit., 82.
[5] Ibid., 84—85.
[6] Филовъ Б. Старобългарско изкуство, София 1924.
[7] М. Ћоровић — Љубинковић, Наушнице, op. cit., 81—93.
[8] Ibid., 82.

работката се скапи (сребро, филигран, гранулација). И покрај методолошки оправданото повикување на аналогиите од датираната Токајска остава од крајот на X и XI век, заради масивноста и целокупниот изглед на овој чифт наушници од Скопје, склони сме да веруваме дека тие се, сепак, нешто подоцнежен производ кој одвај би можел да биде постар од XII век. Се чини дека на ова време припаѓаат и воопшто најстарите варијанти на токајски наушници како период кога наушници со една нагласена централна јаготка во долниот дел на алката се мошне омилени, јавувајќи се на поголеми простори во разни облици, материјали и техники.

Околу датирањето на Токајската остава своевремено слично сомневање навестил и Ј. Ковачевиќ кој, разгледувајќи го сумарно овој проблем, подвлекува дека монетите од токајската остава (крај на X—XI век) се всушност вон употреба, исечени и веројатно секундарно ползувани како амајлија, при што тие можат да послужат како terminus ante quem non за оставата, но не се меродавни и за нејзиното датирање.[9]

*Втората група* токајски наушници од Македонија е застапена со две варијанти и тоа со уште еден чифт наушници од околината на Скопје (Сл. 2 а, б) и со примерокот од Варош кај Прилеп (Сл. 3). Во оваа група спаѓаат помлади варијанти кои се јавуваат пред почетокот на XIV век, а се посведочени и во првата половина и средината на XIV век. Впрочем и за двете наведени варијанти од оваа група постојат аналогии во датираните остави: Втората Зајачарска и Драгижевската од околината на Трново во Бугарија.[10] Вториот чифт токајски наушници од околината на Скопје (Сл. 2 а, б) одговара на чифтот од Втората Зајачарска остава која се датира со 117 монети од средината на XIV век.[11] Овие наушници се, исто така, од сребро, богато се украсени со филигран и гранулација и прилично се масивни (пречник — 55 мм.). Адекватно на зајачарските е решено украсувањето на централната јаготка која е елипсовидна, со четири реда намотани филигрански жици во средината, додека низите на гранули се јавуваат на краевите и во средината на јаготката во слична концепција како и кај постарите варијанти. Меѓутоа, овде тие се поретки и покрупни и поврзувани со филигрански жици, со што се зголемува ефектот на украсувањето. И централната и страничните јаготки кои се оформени од низи на гранули се фланкирани со навои од филигранска жица. Гиздавоста на овие наушници е нагласена и со изработката на алката која е од двојна, извиена жица во чии фуги се вметнати и филигрански, тордирани телчиња. Декоративноста и масивноста, како и наведениот аналоген материјал одат во прилог на посочената датација од средината на XIV век.

---

[9] Ј. Ковачевић, Ношња, op. cit., 151—152.

[10] Види заб. 5 и 6.

[11] М. Ћоровић — Љубинковић, Наушнице, op. cjt., 85, сл. 6, 7.

Примерокот од Варош кај Прилеп (Сл. 3) по својот изглед е многу сличен на чифтот наушници од Драгижевската остава датирана со монети од крај на XIII и првите децении на XIV век (1295—1320), како и со наод на зрачести наушници[12] потврдени и во многубројни ликовни извори, на ктиторските портрети пред сè во Србија и Македонија од времето главно околу XIV век[13] што се потврдува и со археолошки наоди од Македонија.[14]

Варошката наушница е масивна (пречник околу 54 мм.) и луксузна (изработена од сребро со техники на филигран и гранулација). Алката е тордирана од две подебели и две потенки, претходно свиени жици. Страничните јаготки се топчести со низи од перфорирани кругчиња, а централната е елипсовидна, фланкирана со навои од филигранска жица од страните и оптички, со филигран и гранулација поделена на два дела. Наведените атрибути упатуваат на основните карактеристики на помладата група на токајските наушници со исклучок на осумте конусовидни израстоци со гранули на врвот распоредени во две низи врз централната јаготка на сличен начин како и кај половецките наушници. Со тоа овој примерок е донекаде еклектичен, иако доминираат елементите на токајскиот тип.

Целокупниот изглед и наведената аналогија зборуваат за релативно сигурното датирање во првата половина на XIV век.

*

* *

На токајските наушници главно им се припишува византиска провениенција. Така, уште Љ. Караман, а потоа и З. Вински овие наушници ги определиле како византиски импорт.[15] М. Ќоровиќ — Љубинковиќ нивната генеза ја гледа во Византија, односно во прицрноморскиот круг и пошироко од Источното Средоземје.[16] Нешто потешко се докажува нејзиното тврдење дека овој тип се оформил меѓу Панонските Словени, а потоа тој се проширил и на југ кај другото словенско население со засилувањето и притисокот на унгарското влијание.[17]

---

[12] Б. Филовъ, Старобългарско, op. cit., сл. 45, 62.

[13] М. Ћоровић — Љубинковић, Налаз из Маркове Вароши код Прилепа, Музеји 2, Београд 1949, 106.

[14] За примерокот од Варош кај Прилеп види: М. Ћоровић — Љубинковић, Налаз, op. cit., 102—13, сл. 1—2; Б. Радојковић, Накит, op. cit., 350, кат бр. 63; Б. Бабић, Културно, op. cit., кат. бр. 17 ет. с. За примерокот од оставата во Горно Оризари кај Кочани види: Р. Поленаковић — Стејић, Еден редок средновековен наод од с. Горно Оризари кај Кочани во Македонија, Гласник на Етнолошки музеј 2, Скопје 1965, 5—18 ет с. За примерокот од околината на Скопје кој се чува во приватната збирка на Х. Црниловиќ види: Б. Радојковић, Накит, op. cit., 350, кат. бр. 66.

[15] Z. Vinski, Starohrvatske naušnice u Arheološkom muzeju u Zagrebu, Starohrvatska prosvjeta III, sv. 1, Zagreb 1949, 30, 34.

[16] М. Ћоровић — Љубинковић, Наушнице, op. cit., 90, 91.

[17] Ibidem.

Мошне е интересно и нејзиното мислење дека овие наушници не може да се делат на „локални и импортирани" и дека секако можеле да бидат дело на домашни „српски, бугарски и македонски мајстори".[18] Силната византиска културна сфера зрачи во текот на целото средновековие во сите домени од животот на просторот на Македонија. Тоа наоѓа одраз и во изборот или продукцијата на накитот како мошне чувствителен и значаен сегмент од материјалната култура.

Масовното присуство на некои типови средновековен накит ни дава за право да мислиме дека локални ковенциски работилници во Македонија имало барем од крајот на X век, односно далеку пред тие да бидат посведочени во историските извори од полниот среден век.

Малиот број откриени примероци на наушници од токајскиот тип и недоволната истраженост на проблемот на занаетчиските центри за производство на накит во Македонија и околните области оневозможуваат донесување на посигурни заклучоци за нивната поодредена регионална провениенција.


1ab


2ab


3

[18] Ibid., 91.

*** Илустрациите на материјалот ги изготви Веселинка Спирковска — дипл. историчар на уметноста со археологија.

*ELICA MANEVA*

# LES BOUCLES D'OREILLES »TOKAÏ« PROVENANTES DE LA MACÉDOINE


## Résumé

Au Musée d'arts appliqués à Belgrade, on conserve deux paires et un exemplaire singulier des boucles d'oreilles du type »Tokaï« qui représentent les découvertes uniques de cet espèce de bijoux sur le territoire de la RS de Macédoine. Il s'agit des objets de luxe: en argent massif, élaborés en filigrane et en granulation, ils ont été probablement portés par les classes supériefres; on les accrochait sur les glisseurs et les boucles pendaient au niveau de oreilles et des joues.

Les boucles d'oreilles sus-mentionnées appartiennent à trois variantes diverses et à deux périodes. Le paire trouvé dans les environs de Skopje (tableau 1a, b) appartient au premier groupe, plus ancien. En ce qui concerne le matériel, on remarque les analogies avec le Dépôt de Tokaï dans lequel sont présentes aussi les pièce de monnaie du X<sup>e</sup>—XI<sup>e</sup> siècle et desquelles provient la date conforme. Cependant, les pièces de monnaie sont coupées — elles ne servaient pas à l'fsage pratique et c'est pourquoi elles ne peuvent pas servir comme moyen pour fixer la date. Vue la popularité de boucles d'oreilles avec la partie centrale accentuée vers le XII<sup>e</sup> siècle et vue la massivité de la forme, les boucles d'oreilles les plus vieilles de ce type ne sont pas antérieures à cette période-là.

Les autres boucles d'oretlles appartiennent au groupe plus récent. Ainsi, le deuxième paire des boucles d'oreilles, également trouvé dans les environs de Skopje (tableau 2a, b), représente l'analogie directe avec le matériel du Deuxième dépôt de Zaječar du milieu du XIV<sup>e</sup> siècle. L'exemplaire de Varoš près de Prilep (on y remarque les éléments du type de Polovets) — tableau 3, provient plus ou moins de la même période. Sa date est confirmée par la trouvaille semblable du Dépôt de Dragiževci près de Trnovo en Bulgarie dans lequel on a découvert les pièces de monnaie (1295—1320) et es boucles d'oreilles en forme de rayons de soleil, connues aussi des frèsques du milieu du XIV<sup>e</sup> siècle.

Les boucles d'oreilles de Tokaï se sont infiltrées aussi dans la parure nationale — dans certaines régions, les variantes de celles-ci existent jusqu'au XVIII<sup>e</sup> siècle.